# Одделение за интезивна нега кај новороденчиња

Детска хирургија-сала
“Safak Hastanesi” –Gaziosman pasa,Истанбул,Р.Турција

***20.08.2014-10.09.2014***
***Билјана Гацева***

Во одделението за интензивна нега се сместени 15 новороденчиња со различни дијагнози: вродени срцеви маани, предвремено родени и со некротичен ентероколитис. Секојдневно учествуваме во негата и исхраната на пациентите.






Досега имавме можност да се запознаеме и со негата и терапијата на новороденчиња со кардиолошки дијагнози. Учествувавме во негата ( менување на постелнината, пресоблекување, тоалета на тело и усна шуплина ) и хранењето.






. На пациентите на кои им е потребно вклучуваме фототерапија и соодветно го припремаме пациентот за истата ( ставање на заштитни наочари и повремено менување на положбата ). Исто така секојдневно ја контролираме температурата во инкубаторите каде што се сместени пациентите.





Последната недела од нашата едукација продолживме со досегашната работа на делење терапија и пружање соодветна нега на новороденчињата. Исто така, имавме задолжение да го контролираме и регулираме нивото на кислород во инкубаторите и да вклучуваме и дозираме фототерапија.





Учествувавме и во поставувањето на интравенозни линии (канили) и нивно одржување, како и во процедурата на земање крв за испитување на комплет крвна слика и одредување на ацидобазен статус.





# Shafak Hastanesi

## 20.08.2014-10.09.2014

